**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 06.12.2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 6243 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. Констатации од надзорот:

Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Во извештајниот период од 21 до 30 ноември 2016 година, кој ги опфаќа првите десет дена од изборната кампања, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа се спроведува врз две изданија на Вестите, оние во 17 часот и 30 минути и оние кои се емитуваат околу 23 часот, или вкупно дваесет дневно - информативни емисии.

Анализираните прилози претставуваат 7 часа 15 минути и 36 секунди од Вестите.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:15 | 22,45 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:32 | 6,15 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:28 | 5,99 | % |
| Локална самоуправа | 00:13:16 | 32,20 | % |
| Влада на РМ | 00:08:32 | 20,71 | % |
| Други субјекти | 00:02:25 | 5,87 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:44 | 6,63 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:41:12** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:12:02 | 18,96 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:55 | 6,17 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:20 | 0,53 | % |
| Влада на РМ | 00:00:20 | 0,53 | % |
| АРМ | 00:00:20 | 0,53 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:00 | 1,58 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:00 | 1,58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:51 | 21,82 | % |
| Привремена комисија | 00:11:32 | 18,17 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:39 | 10,48 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:00 | 12,60 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:30 | 7,09 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:03:29** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:44:48 | 41,16 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:09:01 | 50,67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:44 | 2,64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:22 | 1,32 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција за промени и правда | 00:02:00 | 0,79 | % |
| Левица | 00:04:12 | 1,65 | % |
| Беса | 00:00:34 | 0,22 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:34 | 0,22 | % |
| Либерална партија | 00:00:34 | 0,22 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:21 | 0,14 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:26 | 0,96 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:14:36** | **100** | **%** |

Известувањето за активностите на политичките партии и коалиции во рамките на нивните кампањи, зафаќа 4 часа 14 минути и 36 секунди од примерокот и се состои од извештаи (Табела 1). Во овој, деветти по ред извештај, важи законскиот критериум за оценка на квантитативниот баланс во вестите според бројот на потврдени листи со кандидати и интензитетот на кампањата, со оглед на фактот дека се однесува на првите 10 дена од кампањата. Од четирите субјекти кои имаат по седум потврдени листи со кандидати, повеќе време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 2 часа 9 минути и 1 секунда (50,67%), по која следи Коалицијата предводена од СДСМ – 1 час 44 минути и 48 секунди (41,16%), ДУИ – 6 минути и 44 секунди (2,64%), а Коалицијата ВМРО за Македонија – 2 минути и 26 секунди (0,96%). Коалицијата за промени и правда, која има шест потврдени кандидатски листи, има 2 минути (0,79%). Од партиите со пет потврдени листи, Левица има 4 минути и 12 секунди (1,65%), ДПА има 3 минути и 22 секунди (1,32%), а Либералната партија 34 секунди (0,22%), по колку што имаат и Движењето Беса и Коалицијата Алијанса за Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП) кои имаат по 4 листи. Нема информации за ПДП која има една листа. Времето за ДИК произлегува од збирниот прилог за почетокот на изборната кампања.

За активности на власта е известувано во текот на 41 минута и 12 секунди (Табела 1), низ прилози за оштетувањето на Музејот на албанската азбука во Битола, меморандумот за соработка меѓу ТИРЗ и Светската организација на слободни зони, учеството на Градот Скопје во реализацијата на Денот на дрвото, посетата на градоначалникот на Општина Карпош на детска градинка со цел да подари играчки, писмото на министерката Марта Арсовска – Томовска до ОБСЕ/ОДИХР, билатерални средби со странски политичари и сл.

Другите теми кои се поврзани со изборите зафаќаат 1 час 3 минути и 29 секунди од вестите (Табела 1). Овде спаѓаат прилозите за активностите на австрискиот министер за надворешни работи Себастијан Курц по средбата со македонскиот колега Никола Попоски; изјавата на српското движење „Двери" за тоа дека ќе преразгледаат дали СДСМ или Пи-ар агенција ја презеле нивната кампања; посетата на европратениците Вајгл, Флекенштајн и Кукан, како и средбите на евроамбасадорот Самуел Жбогар со претставници на ДУИ и ДПА. Коалициите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ се присутни преку прилогот во кој се информира за пораките на тема употреба на јазиците, што на митинзите меѓусебно си ги размениле Груевски и Заев; користењето малолетници во кампања, најавата за отворање нов погон на Амфенол. Во овој сегмент влегуваат и информациите за печатницата „Киро Дандаро" која го печати гласачкиот материјал, како и за активности на синдикати и граѓански здруженија во врска со партиите или со Владата.

Претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Коалицијата предводена од СДСМ имаат најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови. Првите добиле 1 час 21 минута и 9 секунди (43,04%), а вторите 1 час 11 минути и 24 секунди (37,86%). Другите субјекти имаат мали минутажи (Табела 2).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:21:09 | 43,04 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:11:24 | 37,86 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:00 | 2,65 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:52 | 0,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:52 | 2,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:06 | 2,70 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:40 | 1,94 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:46 | 0,41 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:15 | 2,25 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:00 | 0,53 | % |
| Влада на РМ | 00:00:44 | 0,39 | % |
| Други субјекти | 00:02:35 | 1,37 | % |
| Левица | 00:02:31 | 1,33 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:46 | 0,94 | % |
| Привремена комисија | 00:03:54 | 2,07 | % |
| **Вкупно:** | **03:08:34** | **100** | **%** |

За коментари и осврти (сопствени или пренесени) се издвоени 1 час 16 минути и 19 секунди од времето во анализираните изданија на дневно-информативните емисии во 17 часот и 30 минути и во 23 часот.

На 21 ноември, ТВ Алфа во Вестите во 17:30 и во 23 часот, емитува осврт „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ со двојазичноста ќе ја дестабилизира државата" (3 минути и 10 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во најавата, меѓу другото, се вели: „И покрај критиките од јавноста и експертите, СДСМ не се откажува од проектот за двојазичност на целата територија, но ВМРО ДПМНЕ крена рачна". Повод за реактуелизација на темата, овојпат се реакциите на ВМРО ДПМНЕ и на нејзините коалициски партнери. Во прилогот се вели дека „идејата за двојазичност и создавање бинационална држава, со која првиот човек на СДСМ Зоран Заев со месеци ветува поголеми права за албанската дијаспора и Албанците во земјава, наголемо ја промовира и со изборната програма". Се пренесува реакцијата на ВМРО ДПМНЕ преку дел од обраќањето на Никола Груевски на промоцијата на изборната програма на партијата одржана претходниот ден. Потоа медиумот вели „во меѓувреме, социјалдемократите ги продолжуваат средбите со албанските заедници, се отвараат партиски штабови, се ветуваат поголеми права, бинационална држава и прекројување на Уставот и Рамковниот договор". Следува соопштение од Демократска партија на Србите. Медиумот завршува со потсетување дрка „обраќањето на Заев пред албанската дијаспора во Берн предизвика лавина од реакции кај македонската јавност. Заев и пред албанската дијаспора отворено говори за еднаквоста при употреба на јазиците, односно воведување на двојазичност на целата територија на Република Македонија".

На 23 ноември има уште една актуелизација на прашањето за употребата на албанскиот јазик во Македонија. Освртот, насловен „Најавите за двојазичност ги зовреа страстите на политичарите" (3 минути и 48 секунди) во себе содржи нови делови од обраќањата за време на митинзите на Никола Груевски и на Зоран Заев на оваа тема, по што следуваат реакциите на Дојчин Цветановски од СОНК и на Никола Стаменов од Здружение на тутунарите, обете негативни за Заев. На крајот, медиумот пренесува дека неделникот „Република" го „објавува планот за работа на СДСМ и Заев, во кој, како што пишуваат, во фокусот на разговорите со албанските партии било воведувањето двојазичност, а во поделбата на колачот за власта, Заев нудел високи државни функции". Прилогот е емитуван во двете анализирани изданија на вестите.

На 24 ноември, во 17:30 и во 23 се пренесува „Македонија е отворена за бизнис – новата колумна за „The hill" на врвниот економист Паскал Хјуз" (3 минути и 54 секунди) со позитивна рамка за резултатите од политиките на власта.

Подолу, и во двете изданија на вестите, се емитува коментарот со негативен тон и рамка за СДСМ „Кандидат за пратеник на СДСМ го потврдува планот за редефинирање на државата" (3 минути и 12 секунди). Најавата за прилогот гласи: „Додека лидерот на СДСМ Заев негира, неговите избраници потврдуваат - Ѓулумсер Касапи, која се наоѓа на кандидатската пратеничка листа на СДСМ, на второто место во шестата изборна единица, веднаш зад носителот Петре Шилегов, за време на гостувањето на Алсат потврди дека лидерот на партијата Зоран Заев, во својата програма предвидува редефинирање на државата". Во прилогот се вели дека и покрај уверувањата на Заев дека „не заговарал за редефинирање на државата, менување на Уставот и воведување на албанскиот јазик, префрлајќи му ја вината на Груевски", Касапи „која ја има добитната втора позиција на листата на СДСМ во шестката, во гостување на една од националните телевизии го открива планот на првиот социјалдемократ за спроведување на ваквото сценарио". Се емитува изјавата на Ѓулумсер Касапи од емисија на ТВ Алсат-М за тоа дека таа смета оти СДСМ ќе го реши прашањето на употребата на албанскиот јазик на територијата на државата и дека ќе ги реши клучните прашања за Албанците. Потоа, уште еднаш се емитува изјавата на Трајко Вељаноски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ за тоа дека крајните мотиви на Заев се да се редефинира државата и да се смени уставниот поредок, како и да се урнат позициите на Република Македонија во споровите со соседите, вклучувајќи го прашањето за името. Потоа се наведува дека во програмата на СДСМ е предвидено воведување мултикултурно образование за децата од најрана возраст и се предвидуваат заштита на јазиците на другите заедници и интеркултурна комуникација.

На 25 ноември, во двете изданија на вестите, се емитува коментар означен со телоп „Анализа: Федерализацијата се наметна како главна тема во предизборието. Какафонија во СДСМ: Заев не го отвора, а Спасовски ќе го отвора" (3 минути и 28 секунди). Во него најпрвин се пренесуваат ставовите на швајцарскиот политичар Андреас Грос, од пишано интервју дадено за ТВ Сител, за тоа дека тој и Заев го делат ставот оти треба да се смени Уставот и дека инспирација за Македонија може да биде Уставот на Швајцарија која е поделена на кантони. По ова следува ставот на политичкиот аналитичар и историчар Никола Србов (ваквите идеи би довеле до нови судири и би се отворило прашањето за употребата на јазиците, Грос потврди што „било ставено на маса за Македонија", Заев вели дека не било точно, ама јавноста видела самата за што се зборувало). Медиумот потоа наведува дека продолжуваат реакциите по негирањето на Заев дека „заговарал за редефинирање на државата" и се пренесува изјава од Здружението на Египќаните дека се против какви било промени. На крајот се вели дека и покрај уверувањата од Заев дека „не заговарал за редефинирање на државата, менување на Уставот и воведување на албанскиот јазик" Ѓулумсер Касапи „го откри планот на првиот социјалдемократ за спроведувањето на ваквото сценарио".

Подоцна се пренесува напис од „Дневник", означен со телоп „'Дневник': Како љубљанската Ифимес лобира за СДСМ и Заев со пари од градоначалникот на Копар" (1 минути и 27 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Веста е за тоа дека словенечката Ифимес е дел од корупциски скандал во врска со градоначалникот на Копар. Притоа, се вели дека Ифимес „вообичаено излегува во јавноста со анализи што ги објавува во предизборните периоди во Македонија и честопати со шпекулативни анкети со нереални резултати не само во Македонија". Се наведува дека Заев во 2015 година бил гостин на овој институт, дека Ифимес неделава објавил анализа за изборите во Македонија во која ја „обвинува земјата дека одела кон путинизам и силно се брани партијата СДСМ, за која се вели дека станува вистинскиот претставник на барањата на македонските Албанци наместо партиите ДУИ и ДПА. На крајот се вели дека Заев и Спасовски биле гости на градоначалникот на Копар.

На 26 ноември и во 17:30 и во 23 часот, се емитува осврт „Експерти: Анкетата на „Брима Галуп" – реален одраз на политичкото расположение" (3 минути и 7 секунди) во кои аналитичарот Александар Даштевски ги толкува резултатите од анкетата на Брима Галуп, со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и

негативна за СДСМ (позитивен став за програмата на првите и негативен за вторите, граѓаните бираат проекти, паролата „за живот во Република Македонија е невидена до сега, погубна").

На 27 ноември, исто така, во двете анализирани изданија вести, се емитува осврт „Јавноста го критикува Заев: Федерализација и двојазичност, наместо проекти" (2 минути и 51 секунда), кој е најавен на следниов начин: „А тактиката и предизборната реторика на социјалдемократите, според многумина е веќе видена приказна, а и од поодамна зачинета со елементи кои сериозно можат да и наштетат на државата. Форсирањето на двојазичноста и отворањето на Рамковниот договор, според нив, се само потврда дека задкулисно се подготвуваат црни сценарија". Прилогот почнува со ставови на ВМРО ДПМНЕ, преку изјавата на Драган Данев, потоа медиумот вели оти „реториката за редефинирање, менување на Уставот, двојазичност" не ја користи само на митинзи - „СДСМ во континуитет игра на картата на пазарење со националните интереси", дека Заев за тоа подолго време зборувал со претставниците на партиите од албанскиот политички блок, а со тек на времето тоа што го нуди СДСМ „има сѐ поголема тежина и носи сѐ поголем ризик за опстојувањето на македонската држава и народ". Се репризираат: изјавата на Заев за ТВ 21-М во врска со граѓанскиот концепт и промената на Уставот и изјавата дадена за Нова ТВ дека очекува најмногу гласови од Албанците, како и сегменти од изјава од претставник на Беса која гласи: „Да, сме разговарале со господинот Заев за редефинирање на државата" и од Муса Љамалари: „Иначе сите мене ме знаат дека се залагам за федерализација на Македонија, тоа не го кријам, не го скрив ни кај Заев". На крајот се повторува дека во програмата се планира воведување мултикултурно образование за децата од најрана возраст и се предвидуваат заштита на јазиците на другите заедници и интеркултурна комуникација.

На 28 ноември, има коментар, кој е означен со телопот „Планот на Зоран Заев за кантонизација ја отвори Пандорината кутија" (2 минути и 16 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Во најавата се вели: „Почнаа ли да се реализираат идеите на лидерот на СДСМ Зоран Заев за федерализација на државата. Планот Заев, почна да делува пореално. Во Тирана е формирана Унија на албански општини во регионов, во која освен Тирана, дел од неа се Приштина, Тетово, Улцињ и Прешево. Овие општини треба заеднички да дејствуваат во неколку области. Интересно е што нивниот модел е сличен на оној за кој се залагаше Заев пред албанската дијаспора во Швајцарија". Во прилогот се поставува прашањето дали се отвора патот за планот на Заев за редефинирање на државата, отворање на Рамковниот договор и прекројување на Уставот, дека по 25 години од донесувањето на Уставот, Заев ја отворил Пандорината кутија со употребата на јазиците за да добие гласови на Албанците, а сега од митинг на митинг ја менува изјавата. Потоа се вели дека планот за кантонизација на државата, за која Заев се залагал во Берн, „според познавачите најверојатно веќе се спроведува во пракса". Се пренесува информацијата од српски Б92 за унијата на албанските општини. Се наведува дека реакциите на изјавите на Заев не стивнуваат и се пренесува изјава на Горан Илиќ од битолскиот Универзитет за „Дневник" дека отворањето на Рамковниот договор неминовно значи промена на Уставот. Потоа се наведува дека „Република" објавила текст за „планот на работа на СДСМ и Заев во кој, како што пишуваат, во фокусот на разговорите со албанските партии било воведување двојазичност, а во поделбата на колачот за власта, Заев нудел високи државни функции". Прилогот е емитуван во двете анализирани изданија на вестите.

Во Вестите во 17:30 се пренесува и коментарот „Вечер: Без лиценца „Струмица гас" неконтролирано црпи државни пари" (1 минута и 18 секунди), за тоа дека „Струмица гас" продава гас иако за тоа нема заведено лиценца, како и дека има потпишано договори со училишта во кои не е наведен лимит, односно цената на гасот. Се наведува колку пари заработила „СиЕнЏи системс", „партиската фирма на СДСМ" раководена од претседателот на Комисијата за енергетика на партијата, која „гасот го наплаќа повеќе пати поскапо од другите фирми во Македонија".

На 29 ноември, има три прилози со аналитички жанрови, кои се емитувани во двете изданија на вестите. Првиот е осврт означен со телоп „Тема: Албанците за Заев – ќе ги зголеми нашите права" (2 минути и 29 секунди) и има негативна рамка за СДСМ. Тој ја има следнава најава: „Токму најавите за проширување на употребата на јазиците сѐ уште предизвикуваат лавина реакции. Претседателот на албанската дијаспора Муса Љамалари не штеди пофални зборови за Зоран Заев". Се пренесува изјавата на Љамалари за „Вечер"

дека Груевски ја пропуштил шансата да ги освои албанските гласови, што сега ја реализира Заев кој е спасител за Албанците. Се повторува неговиот став дека се залага за федерализација на Македонија, како што изјавил и по средбата со Заев. Се повторува изјавата на Заев за промена на Уставот, грдото лице на Македонецот од ТВ 21-М.

Следниот прилог е осврт „Тема: Избирачкиот список ги урна тврдењата за „фантоми" (3 минути и 28 секунди) за тоа дека ДИК го заклучила Избирачкиот список. Потоа се пренесува соопштение со ставот на ВМРО ДПМНЕ за т.н. фантомски гласачи, како и соопштение со ставот на СДСМ. Се емитуваат постари изјави од Зоран Заев од кои сегментите со различни бројки на гласачи што треба да се проверат, се намонтирани еден по друг.

Подоцна, се емитува „Handelsblatt global Македонија – перспективна земја за инвестирање" (1 минута и 55 секунди) преземена колумна на Холгер Хајнс, со позитивна рамка за Никола Груевски.

На 30 ноември, во коментаторскиот извештај, „Ад хок телото ја призна грешката за ТВ Алфа" (3 минути и 28 секунди) има негативна рамка за Привремената комисија за следење на медиумското претставување.

Се емитува и коментар, со негативен тон и рамка за СДСМ, насловен „Тема: Федерализацијата и заложбите за кантонизација можен безбедносен ризик?" (3 минути и 16 секунди). Во најавата за прилогот се вели: „А безбедносен предизвик за државата, според упатените, се и заговорите и јавните заложби за редефинирање на државата, односно процесот на федерализација, кој се промовира во настапите на лидерот на СДСМ Зоран Заев". Се емитува изјава на Заев од Швајцарија за тоа дека во Македонија треба да се направи поголема децентрализација, и оти гледа дека во Швајцарија едно село е кантон и самото одлучува за себе. По ова, медиумот тврди дека „примерот со швајцарските кантони е веќе пресликан во изборната програма на СДСМ", бидејќи е предвидена реорганизација на локалната самоуправа преку воведување политипни општини со различни надлежности и трансферирање на дел од надлежностите околу одржувањето на јавниот ред и мир и сообраќајот. Според Никола Србов, аналитичар, воведувањето кантони и редефинирањето на државата повлекува промена на Уставот и кризи и судири во земјата. Се пренесува дека грчките медиуми објавиле информација за инцидент, пред посетата на Барак Обама на Атина, во возило на албанската амбасада биле пронајдени учебници со карти на голема Албанија кои било планирано да се делат меѓу луѓето. Се потсетува на формирањето унија на албанските општини за кои информирале српските медиуми, според кои тоа е отворање на вратата за голема Албанија. Потоа се наведува дека Муса Љамалари, во „Вечер" „открива дека досега неколкупати имале средби со Заев за прашањата со федерализацијата и двојазичноста во Македонија".

Обата прилога се емитувани во двете изданија на вестите.

***Сектор за програмски работи***